Г Р А Д   С К О П Ј Е

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за локален економски развој**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Ружица Николовска,** Раководител на Секторот за локален економски развој

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Г Р А М А

## за поддршка на локалниот економски развој на Град Скопје, за 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

Врз основа  на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Репблика Македонија” број 55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на седница одржана на________________ година,  донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА  ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**НА ГРАД СКОПЈЕ, ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Програма, Градот Скопје ќе даде поддршка на локалниот економски развој, преку реализација на следните активности:

- Изработка на Стратешки план на Град Скопје за периодот 2023-2025 година
- Изработка на Стратегија за поддршка и развој на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година
- Реализација на настан за претприемништво
- Поддршка на настан за технички унапредувања,индустриски дизајн,трговски марки и младинско истражувачко творештво за 2022 година
- Поддршка на настан „Иновативно претпријатие на годината“
- Организирање на форум за  претприемачи
- Финансирање на проекти за поддршка и развој на претприемништвото,иновациите и конкурентноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на Град Скопје
- Кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на скопски плански регион
- Финансирање на проекти од обласа на економијата

**Член 2**

Средствата за финансирање на Програмата за поддршка на локалниот економски развој за 2022 година, се утврдуваат во износ од **7.021.000,00** (седуммилионидваесетиеднаиљјада) денари и се обезбедуваат  од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

**Член 3**

Средствата од оваа Програма ќе се користат за :

1. **Изработка на Стратешки план на Град Скопје за периодот 2023-2025 година -консултантски услуги..........................................................350.00,00 ден**.

Целта на стратешкото планирање е да се проектира иднината на градот на начин што ќе овозможи да се реализира визијата за градот во следните три години. Со Стратешкиот план ќе се определат стратешките цели и приоритети на Градот кои ќе се реализираат преку определени програми, дефинирани проекти и конкретни активности, во рамки на определен буџет.

2. **Изработка на Стратегија за поддршка и развој на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со акционен план, за периодот 2022-2025 година**
   **-консултантски услуги......................................................... 250.000,00 ден.**

Стратегијата за поддршка и развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година е стратешки документ со кој ќе се утврдат стратешките цели и приоритети за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, за временски период од 4 години. Во рамките на овој документ ќе се изготви и акционен план во кој ќе биде прикажана е временската рамка и изворите на финансирање (буџети) за реализација на секоја од стратешките цели. Постапката за изработка на стратешкиот документ е отпочната во последниот квартал од 2021 година.

3. **Реализација на настан за претприемништво**
**-обезбедување на место за одржување на настанот, обезбедување на целокупна техничка поддршка за организација на настанот, медиумско покривање и промовирање на настанот, изработка, печатење на рекламен пакет, подготовка и печатење на работни материјали, покани, општа логистичка и техничка поддршка со кореспондентни услуги......... 500.000,00 ден.**

Настанот за претприемништво е традиционална манифестација, која има за цел да го промовира претприемништвото и малите и средни претпријатија како главни двигатели на економскиот раст и развој на подрачјето на Град Скопје.

4. **Поддршка на настан за технички унапредувања,индустриски дизајн,трговски марки и младинско истражувачко творештво за 2022 година**

**- доделување на награди на најдобрите апликанти со најдобри иновативни идеи ...................................................................................... 200.000,00 ден.**
**- свечено доделување на награди (коктел).............................. 100.000,00 ден.**

Настанот се организира во вид на изложба на која се изложуваат пронајдоци, иновации, нови технологии, нови производи, технички унапредувања, индустриски дизајн, трговски марки и младинско истражувачко и креативно творештво. Во оваа Програма се издвојуваат финансиски средства за доделување на награди на најдобрите апликанти со најдобри иновативни идеи, како и за организирање на свечено доделување на наградите (коктел).

5. **Поддршка на настан „Иновативно претпријатие на годината“ -доделување на награди на најиновативните претпријатија на годината ........................................................................................ 600.000,00 ден.**

Во рамките на оваа програма се предвидени средства за поддршка на настанот Иновативно претпријатие на годината. Овој настан има за цел да прерасне во традиционална годишна манифестација која ќе ги промовира иновативните компании, истите да се здобијат со поголема популарност на нивниот бренд , можности за ширење на бизнисот и освојување на нови пазари. Градот Скопје ќе го поддржи овој настан преку награден фонт за три најдобри иновативни претпријатија кои ќе бидат избрани преку конкурс. Преку наградниот фонд избраните компании ќе имаат можност да инвестираат во промоција и препознатливост на својот бренд, а Град Скопје ќе се позиционира како пријател и поддржувач на иновативните претпријатија.

6. **Организирање на форум за претприемачи -организација на настан врз основа на објавен конкурс............ 1.000.000,00 ден.**

Со оваа Програма по пат на објава на конкурс предвидено е да се организира форум за претприемачи, се со цел да се стимулира развојот на претприемништво на подрачјето на градот Скопје.

7. **Јавен повик за финансирање на проекти за поддршка и развој на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје .......................... 1.500.000,00 ден.**

Преку објава на јавен повик ќе се финансираат програмски активности на здруженија, фондации, стопански интресни заедници и слично,се со цел поддршка и развој на претприемништвото, иновативноста и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на градот Скопје.

8. **Кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на Скопски плански регион ...................................................... 1.521.000,00 ден.**

Преку оваа Програма се финансира работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион, согласно Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на РМ“, број 63/07,187/13,43/14,215/15 и 64/18) и Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“,број14/08)

9. **Јавен повик за финансирање на проекти од областа на економијата...........................................................................1.000.000,00 ден**

Со оваа програма ќе се финансираат проекти од областа на економија, со цел забрзан локален економски развој на подрачјето на градот Скопје..

**Вкупно ..................................................................................... 7.021.000,00 ден.**

**Член 4**

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број _________ СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
________ 2022 година ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје **Трајко Славески**

_________________________

**О б р а з л о ж е н и е**

Предлог-Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Град Скопје за 2022 година, е изготвена согласно член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија” број 55/04 и 158/11), со цел остварување на надлежностите на Градот во делот на локалниот економски развој.

Изработката на Стратешки план на Град Скопје за периодот 2023-2025 година ќе ги утврди стратешките цели и приоритети на Градот за временски период од 3 години.

Стратегијата за поддршка и развој на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година е стратешки документ со кој ќе се утврдат стратешките цели и приоритети на Градот од областа на МСП и претприемништвото за временси период од 4 години.

Преку учество во организација на трацционалниот настан за претприемништво ќе се поттикне претриемаштвото и претприемачкиот дух пред се на младите и иновативни луѓе.

Град Скопје како пријател и поддржувач на иновативните идеи, иновации и иновативните претпријатија со оваа програма финансиски **ќе ги поддржи и настанот за технички унапредувања,индустриски дизајн,трговски марки и младинско истражувачко творештво за 2022 година, како и настанот** „Иновативно претпријатие на годината“ за 2022 година.

Со оваа Програма по пат на објава на конкурс предвидено е да се организира форум за претпримечи, се со цел да се стимулира развојот на претприемништво на подрачјето на градот Скопје.

Средствата, според предложената Програма, ќе се насочат главно кон реализација на активности за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија,

претприемништвото и иновациите на подрачјето на градот Скопје, преку објавување на јавен повик за финансирање на проекти од оваа област.

Преку оваа Програма се финансира работењето на Центарот за развој на Скопски плански регион, согласно Законот за рамномерен регионален развој („Службен Весник на Република Македонија“, број 63/07,187/13,43/14,215/15 и 64/18) и Одлуката за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион донесена од Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“,број14/08).

Со цел забрзан локален економски развој на подрачјето на градот Скопје Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Град Скопје за 2022 година предвиди средства за финансирање на проекти од областа на економија.

Согласно горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.